# МЕТОДОЛОГИЈА НА АНКЕТАТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ

## 1. Вкупна анкета за кредитната активност

Имајќи го предвид значењето на кредитите за функционирањето на целокупната економија, располагањето со специфични квалитативни информации за условите за кредитирање значително го олеснува разбирањето на начинот на функционирање на пазарот на кредити. Од тие причини, во јули 2006 година, НБРМ започна со спроведување на Анкетата за кредитната активност на банките, којашто е осмислена на речиси ист начин како и Анкетата на Европската централна банка. Главната цел на Анкетата е да обезбеди информации за некаматните услови за кредитирање (коишто вообичаено не се расположливи). Воедно, Анкетата има за цел да ги процени различните фактори што делуваат врз побарувачката на кредити.

Анкетата е наменета за лицата во банките одговорни за градење на кредитната политика на банката. Анкетата содржи дваесет и четири прашања за минатите и за очекуваните движења на пазарот на кредити. Прашањата се поделени во две главни категории: кредити за претпријатијата и кредити за населението. Секоја категорија е анализирана од аспект на кредитните услови, побарувачката на кредити и очекувањата на банките.

Обработката на резултатите од анкетните прашања се заснова врз пресметување пондерирани проценти на одговорите на банките и на нето-процентот, т.е. разликата помеѓу одговорите коишто претставуваат спротивни трендови. Така на пример, кај кредитните услови се врши нетирање на пондерираните проценти на банките коишто одговориле со заострување и на оние коишто одговориле со олеснување на кредитните услови. Притоа, нето-заострувањето (позитивен нето-процент) укажува на тоа дека поголемиот дел од банките ги заостриле кредитните услови, додека нето-олеснувањето (негативен нето-процент) укажува, пак, дека поголемиот дел од банките ги олесниле кредитните услови. Соодветно на тоа, нето-побарувачката ја покажува разликата помеѓу пондерираниот процент на банките коишто пријавиле зголемување и на оние коишто пријавиле намалување на побарувачката на кредити. Оттука, позитивна нето-побарувачка има во случај кога поголемиот дел од банките укажале на зголемена побарувачка, и обратно.

Одговорите се пондерирани во согласност со учеството на банките на одделните пазарни сегменти во определен квартал (кредитирање на претпријатијата и кредитирање на населението), согласно со расположливите податоци во текот на обработката на одговорите. Притоа, зборовите коишто опишуваат количини, како што се: мнозинство, половина, значителен дел, процент од банките и сл., се однесуваат на пондерираните проценти, а не на бројот на банките.

Во анкетите се поставени и дополнителни прашања коишто се однесуваат на влијанието на промените кај монетарните инструметни врз движењата на кредитната активност и активната каматна стапка на банките.

## 2. Анкета за кредитната активност по група банки

Од третото тримесечје на 2009 година, НБРМ ги прикажува резултатите од Анкетата за кредитната активност и според групи банки. Според големината на активата на банките, на крајот од секоја календарска година се утврдува составот на групите банки, кој потоа се применува во анализите за периодот од 31.12.2014 до 30.9.2015 година. Следствено, банките коишто учествуваат во Анкетата се поделени на три групи, големи (четири банки), средни (осум банки) и мали (три банки).

Одговорите се пондерирани во согласност со учеството на банките на одделните пазарни сегменти во определен квартал (кредитирање на претпријатијата и кредитирање на населението) во рамките на групата на која припаѓаат, согласно со расположливите податоци во текот на обработката на одговорите.

Обработката на резултатите од анкетните прашања и нивното толкување се извршува на истиот начин кој се применува и кај Вкупната анкета за кредитната активност, чиешто објаснување се наоѓа на првата страница од оваа белешка.